Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 3 став 2 Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0202-809/5 од 27.01.2020 година, а согласно Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-6823/1 од 27.08.2020 година и Планот за изменување и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година арх.бр.0302-2133/4 од 09.03.2021 година и Одлуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време бр.0401-5759/1 од 23.06.2021 година, ЈП Водовод и канализација – Скопје објавува

# Ј А В Е Н О Г Л А С бр.11/2021

за вработување на даватели на јавна услуга во обласа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за следните работни места

1. **КДР0305Б02046 Контролор во Одделение за контрола на корисници во Сектор „Наплата“ – 1 извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, Вишо/средно.
- најмалку две години работно искуство во струката;

**Потребни работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 25.500,00 денари

**Распоред на работно време:**

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1

**Рокот за пријава:**
Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.
Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk.

Потполнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул.Лазар Личеноски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 406 лице за контакт Лазе Мицкоски.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение)
3. За работните места под реден број 1 свидетелства од I до IV година средно образование (фотокопија) и диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:
Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;
Фаза 2 - Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги